## Внатрешно упатство

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го целото упатство бидејќи содржи многу важни информации за Вас.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Ако забележите било какво несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство.*

**Внатрешното упатство содржи:**

1. Што претставува лекот ЛОРДИАР и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот ЛОРДИАР
3. Како да го употребувате лекот ЛОРДИАР
4. Можни несакани дејства (ефекти)
5. Чување и рок на употреба на лекот ЛОРДИАР

## LORDIAR / ЛОРДИАР 2 mg капсули

*loperamide*

Активна супстанција е лоперамид хидрохлорид.

Една капсула содржи 2 mg лоперамид хидрохлорид.

*Помошни супстанции:* лактоза монохидрат; пченкарен скроб; талк; магнезиум стеарат.
*Телото на желатинската капсула тврда содржи:* азорубин, carmoisine (E122); индиго кармин (E132); железо оксид, црн (E172); титаниум диоксид (E171); желатин.
*Капата на желатинска капсула тврда содржи:* индиго кармин (E132); титаниум диоксид (E171); железо оксид, жолт (E172); желатин.

**Како изгледа ЛОРДИАР 2 mg капсула, тврда и содржина на пакувањето**
ЛОРДИАР 2 mg капсулите се со тело со сива боја и капа со темно зелена боја. Капсулите содржат бел или скоро бел прашок.

20 (1x20) капсули во PVC/Al блистер, во кутија.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет:**
БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје,
ул. 3-Македонска бригада бр.68, 1000 Скопје, Р. Македонија

**Име и адреса на производителот:**
Белупо, лекови и козметика, а.д., Улица Даница 5, 48000 Копривница, Хрватска

## 1. Што претставува лекот ЛОРДИАР 2 mg капсули и за што се употребува

Овој лек се користи за лекување на два вида на пролив. Секој вид зависно од возраста има поинакво ограничување на примената на лекот.

**Краткотраен пролив:**

- за возрасни и деца на возраст од 12 и повеќе години
- за лекување на проливи кои траат до 48 часа
- ако проливот трае подолго од 48 часа обратете се кај Вашиот лекар.

**Пролив поврзан со синдромот на иритабилен колон:**

- за возрасни и помлади лица на возраст од 18 и повеќе години
- за лекување на пролив кој трае до 48 часа
- можете да го користите овој лек до две седмици за проливи кои се повторуваат, но во случај на непрекинато траење на проливот подолго од 48 часа, обратете се кај Вашиот лекар.

ЛОРДИАР капсулите содржат лоперамид кој помага за ублажување на проливот. Имено, лоперамидот ја забавува прекумерната активност на цревата и така помага од цревата да се апсорбира повеќе вода и сол.

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот ЛОРДИАР 2 mg капсули

**Немојте да ги употребувате ЛОРДИАР капсулите:**

- ако сте преосетливи (алергични) кон активната материја или кон која било состојка од лекот (видете го поглавјето 6)
- ако сте дете помладо од 12 години (или сте помлади од 18 години во случај на пролив поврзан со синдромот на иритабилен колон)
- ако имате тежок пролив по употреба на антибиотици
  ако имате улцерозен колитис (хронично воспаление на дебелото црево) со влошување на симптомите
- ако имате затвор или надуеност на стомакот (особено кај деца со тешка дехидрација)
- ако имате акутна дизентерија, чии симптоми можат да вклучат крв во столицата и зголемена телесна температура.

Ако било што од наведеното се однесува на Вас разговарајте со лекарот или фармацевтот и немојте да ги употребувате ЛОРДИАР 2 mg капсулите.

**Бидете посебно внимателни со ЛОРДИАР капсулите:**

- ако проливот трае подолго од 2 дена. Во тој случај престанете со употреба на овој лек и јавете се кај лекар (видете го поглавјето **Како да ги употребувате ЛОРДИАР капсулите**).
- ако имате тежок пролив бидејќи Вашиот организам тогаш губи значително повеќе количина на вода, сол и шеќер од вообичаено (видете го поглавјето **Надоместување на течност и сол**)
- ако имате болест на црниот дроб

- ако имате СИДА, и при употреба на овој лек се појави надуеност на стомакот. Веднаш престанете со употреба на капсулите и јавете се кај лекар.

**Ако нешто од горе наведеното се однесува на Вас или пак не сте сигурни, јавете се кај Вашиот лекар.**

**Во случај да боледувате од синдром на иритабилен колон немојте да ги употребувате ЛОРДИАР 2 mg капсулите:**
- ако сте помлади од 18 години.

**Во случај да боледувате од синдром на иритабилен колон бидете посебно претпазливи со ЛОРДИАР 2 mg капсулите**
Користете го овој лек само ако лекарот претходно Ви дијагностицирал синдром на иритабилен колон.
Обратете се кај Вашиот лекар:
- ако проливот трае подолго од 2 дена
- ако настапи влошување на симптомите на болеста, се појават нови симптоми на болеста или ако повторувањето на епизодите на пролив трае подолго од 2 седмици
- ако сте постари од 40 години, и од последниот акутен напад на болеста поминал подолг период или симптомите на болеста сега се поинакви од порано
- ако имате појава на крв во столицата, тежок затвор, мачнина или повраќање, губење на апетит и телесна маса, тегоби при мокрење, зголемена телесна температура, или ако неодамна сте патувале во странство.

**Надоместување на течност и сол**
За време на пролив организмот истовремено губи големи количини на течност и минерални материи па потребно е зголемено внесување на течност за да се надомести таа загуба. Исто така, побарајте од Вашиот фармацевт информации за рехидрациското лекување за да ја надоместите загубата на минерални материи. Надоместувањето на течност и минерални материи особено е значајна кај деца, ослабени и постари лица.

**Употребување на други лекови со лекот ЛОРДИАР 2 mg капсули (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**
*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт за сите лекови кои ги употребувате или до неодамна сте ги употребувале, вклучувајќи ги и оние кои сте ги купиле без рецепт. Ова се однесува и на растителните лекови и на хомеопатските производи.*

Задолжително известете го Вашиот лекар или фармацевт ако употребувате некои од следните лекови:
- ритонавир (за лекување на СИДА)
- киндин (за лекување на нарушување на срцевиот ритам или на маларија)
- дезмопресин применет низ уста (за лекување на прекумерно мокрење)
- итраконазол или кетоконазол (за лекување на габични инфекции)
- гемфиброзил (за лекување на зголемени масноти во крвта).

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар  или фармацевт пред да земете било каков лек!*

Ако сте бремени или доите, ако сметате дека сте можеби бремени или планирате бременост, обратете се кој Вашиот лекар или фармацевт за совет пред употребата на овој лек.

Не го употребувајте овој лек ако доите. Мали количини од лекот можат да стигнат во мајчиното млеко.
Разговарајте со лекар за соодветно лекување.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Овој лек може да предизвика чувство на вртоглавица, замор или сонливост. Може да имате намалено внимание, чувство за слабост или несвестица. Не управувајте со возила или машини ако чувствувате нешто од наведеното.

**Важни информации за некои состојки на лекот**
ЛОРДИАР капсулите содржат лактоза.  Ако Вашиот лекар Ви рекол дека имате болест на неподнесување на некои шеќери, пред да почнете да го употребувате овој лек посоветувајте се со Вашиот лекар.

ЛОРДИАР капсулите содржат боја азорубин, carmoisine (E122) која може да предизвика алергиски реакции.

**3. Како да се употребува лекот ЛОРДИАР 2 mg капсули**
*Секогаш употребувајте го овој лек онака како е опишано во ова упатство или како што Ви рекол Вашиот лекар. Проверете со Вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни. Само за примена низ уста.*

Капсулите проголтајте ги со вода, цели и без џвакање.
Капсулите не се наменети за долготрајна примена.

**Краткотраен пролив кај возрасни и деца постари од 12 години**
Лекувањето на краткотрајниот (акутен) пролив започнува со 2 капсули, а потоа се продолжува со 1 капсула по секоја течна столица или како што Ви советувал лекарот.
Не употребувајте повеќе од 6 капсули на ден.
Ако проливот трае подолго од 2 дена, престанете со употреба на овој лек и јавете се кај лекар. ЛОРДИАР капсулите  не се наменети за примена кај деца помлади од 12 години.

**Колку долго да употребувате ЛОРДИАР 2 mg капсули заради краткотраен пролив**
Можете да го употребувате овој лек до 48 часа  Ако проливот трае подолго од 48 часа престанете да употребувате ЛОРДИАР 2 mg капсули и обратете се кај Вашиот лекар.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Епизоди на пролив при синдром на иритабилен колон кај возрасни лица постари од 18 години**
Лекувањето започнува со 2 капсули, а потоа се продолжува со 1 капсула по секоја течна столица или како што Ви советувал лекарот.
Можете да го употребувате овој лек до две седмици за проливи кои се повторуваат, но немојте да го употребувате без прекин подолго од 48 часа.
Не употребувајте повеќе од 6 капсули на ден.
Не е наменето за деца и помлади од 18 години.

Ако проливот трае подолго од 2 дена или ако настапи влошување на симптомите на болеста, ако се појават нови симптоми на болеста, односно ако повторувањето на епизодите на пролив трае подолго од 2 седмици, престанете со употреба на овој лек и јавете се кај лекар.

**Колку долго да употребувате ЛОРДИАР 2 mg капсули заради пролив поврзан со синдром на иритабилен колон**
Можете да го употребувате овој лек до две седмици за проливи кои се повторуваат, но не го употребувајте ако една епизода на пролив без прекин трае подолго од 48 часа. Во тој случај престанете да го употребувате овој лек и обратете се кај Вашиот лекар.

**Ако сте земале повеќе ЛОРДИАР 2 mg капсули отколку што треба:**
Доколку случајно земете повеќе ЛОРДИАР 2 mg капсули отколку што Ви пропишал лекарот, веднаш јавете се во најблиската брза помош или за тоа известете го Вашиот лекар или фармацевт. Земете ги преостанатите таблети или упатството за лекот со себе, за да здравствените работници на кои што им се обративте точно знаат кој лек сте го зеле.

**Ако сте заборавиле да земете ЛОРДИАР 2 mg капсули**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

Овој лек употребувајте го само по потреба (по секоја течна столица) придржувајќи се кон горе наведените упатства. Ако сте заборавиле да ја земете дозата, земете ја по следната течна столица. Никогаш немојте да примените две дози од лекот одеднаш.

***Во случај ако нешто не Ви е јасно или имате прашања во врска со примената на овој лек, обратете му се на Вашиот лекар или фармацевт.***

## 4. Можни несакани дејства (ефекти)
Како и сите други лекови, и ЛОРДИАР капсулите можат да предизвикаат несакани дејства.

**Престанете да го употребувате лекот и веднаш известете го лекарот ако забележите или се сомневате на следните несакани дејства бидејќи може да ви биде потребно итно медицинско лекување. Овие несакани дејства се**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**јавуваат ретко (кај помалку од 1 на 1000 болни, односно кај 1 или повеќе на 10 000 болни):**

- алергиски реакции со појавување на необјаснето пискање при дишење, краток здив, несвестица или отоци на лицето и грлото
- кожни исипувања кои можат да бидат со тешка форма вклучувајќи и појава на меури или лупење на кожата
- губење на свест или намалено ниво на свест (несвестица, чувство на слабост или намалување на внимание), некоординираност на движење.

**Ако ги имате следните несакани дејства, престанете да го употребувате лекот и известете го Вашиот лекар:**

Помалку често (се јавуваат кај помалку од 1 на 100 болни, односно кај 1 или повеќе на 1000 болни):

- јадеж или уртикарија
- болка или надуеност во стомакот.

Ретко (се јавуваат кај помалку од 1 на 1000 болни, односно кај 1 или повеќе на 10 000 болни):

- отежнато мокрење
- тежок затвор
- миоза (солзење на зениците).

**Други несакани дејства кои можат да се појават:**

Често (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 болни, односно кај 1 или повеќе на 100 болни):

- мачнина, затвор или ветрови
- главоболка.

Помалку често (се јавуваат кај помалку од 1 на 100 болни, односно кај 1 или повеќе на 1000 болни):

- вртоглавица или зашеметеност
- повраќање, пречки со варењето
- сува уста.

Ретко (се јавуваат кај помалку од 1 на 1000 болни, односно кај 1 или повеќе на 10 000 болни):

- замор.

***Ако забележите било какво несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несаканото дејство кое не е наведено во ова упатство.***

## 5. Чување на лекот ЛОРДИАР 2 mg капсули

**Лекот треба да се чува на места недостапни за деца!**

Да се чува на температура под 30°C.

**Рок на употреба**

Назначен е на пакувањето.

**Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба!**

*Лековите не смеат да се отстрануваат преку домашните отпадни води или домашен отпад. Прашајте го фармацевтот како да ги отстранувате лековите кои повеќе не ви се потребни. Со такво однесување ја чуваме нашата животна средина.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Внатрешното упатство е одобрено на 27.04.2015 година.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *